Врз основа на член 77 став 6 од Законот за персоналниот данок на доход („Сл.весник на РМ" број 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 94/04, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07, 160/07, 159/08, 20/09 и 139/09), министерот за финасии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПЛАТЕНИ ПРИХОДИ ПРИ ОТКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ОД ФИЗИЧКИ ЛИЦА

**"Службен весник на РМ", бр. 161/2009**

**Важи од 31.12.2009 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на годишниот извештај за исплатени приходи при откуп на земјоделски производи од физички лица.

## Член 2

Годишниот извештај за исплатени приходи при откуп на земјоделски производи од физички лица се поднесува на Образец "ПДД-ГИ/ОЗП", кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: дел 1 – Класификација на извештајот; дел 2 – Податоци за бројот на физичките лица и вкупен износ на исплатените приходи; дел 3 – Податоци за составувачот и подносителот на извештајот; Податоци за приемот и обработката; дел 4 – Податоци за физичките лица и исплатите по основ на откупени земјоделски производи; Општи напомени и Упатство за пополнување.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 20- 44092/1
25 декември 2009 година
Скопје

Заменик Претседател на Владата
и министер за финансии
М-р Зоран Ставрески, с.р.